**Архивски број: 08-232/4**
**Датум: 27.05.2026 година**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), постапувајќи по Претставка бр. 08–232/1 од 16.02.2026 година, поднесена од страна на ----- од Скопје против -----, со седиште на ----- за сторена дискриминација врз друга основа - нееднаков третман на вработените во ----- со корисниците на ----- програмата и покрај Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европска Унија за учество на Северна Македонија во -----, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз друга основа - нееднаков третман на вработените во ----- со корисниците на ----- програмата и покрај Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европска Унија за учество на Северна Македонија во -----, во областа на работата и работните односи сторена од страна на ----- кон -----.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 16.02.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од -----, за заштита од дискриминација, сторена од страна на -----, врз друга основа - нееднаков третман на вработените во ----- со корисниците на ----- програмата и покрај Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европска Унија за учество на Северна Македонија во -----, во областа на работата и работните односи, заверена со бр. 08-232/1.

Во претставката, подносителката наведува дека ----- (во натамошниот текст: Агенцијата) е воспоставена за спроведување на програмата за образование, обука, млади и спорт на Европската Унија наречена ----- и за која цел Република Северна Македонија, преку Министерството за образование и наука потпишала Спогодба со Европска Унија (во натамошниот текст: ЕУ) за учество во програмите и таа Спогодба важи седум години, односно се додека важи соодветната финансиска рамка на ЕУ (во случајот за периодот 2021 – 2027). Наведува дека Агенцијата има делегирана надлежност, односно претставува институција воспоставена според правилата на ЕУ за реализација на програмата според европските правила и таа не е чисто домицилна и дека тоа е видно од фактот што Агенцијата подлежи на процес на акредитација за оперативно работење согласно европските правила/процедури и тој процес го извршува Европската комисија. Понатаму, во претставката наведува дека основна дејност на Агенцијата е овозможување на ----- и дека средствата за истите ЕУ ги обезбедува според Водичот на -----, односно според стапките определени од Евростат,

како и дека тие трошоци се покриваат 100% од европски пари. На ова се надоврзува дека за секој учесник на мобилност има посебно утврдени буџетски ставки со дефинирани износи кои зависат од државата каде што се патува и според износите утврдени од Евростат. Согласно напред изнесеното, подносителката, во претставката заклучува дека тие финансиски правила се применуваат за сите учесници од Северна Македонија кои учествуваат на каква било мобилност надвор од државата преку -----. Понатаму, наведува дека за разлика од наставникот и другите учесници од Северна Македонија, вработените во Агенцијата патуваат според Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, односно половина дневница, поради примената на кризните мерки, а патните трошоци зависат од тековната набавка на ----- која ги обезбедува билетите во име и на товар на Агенцијата. Во контекст на наведеното, подоносителката дава споредба за износот на средства кој го добива наставник од Северна Македонија во однос на вработен од Агенцијата за пет дена мобилност (1372 евра наспротив 230 евра), средства и во двата случаи обезбедени од европскиот буџет, а не од македонскиот.

Напред наведеното подносителката наведува дека е во спротивност на потпишаната Спогодба меѓу Република Северна Македонија и ЕУ за учество на Северна Македонија ----- и во тој контекст го цитира член 2 точка 4 од истата: „----- ". Понатаму, наведува дека вработените во Агенцијата се директно задолжени да ја спроведуваат ----- програмата, па оттука наведува дека наведената одредба недвосмислено се однесува и на вработените, а дополнително на тоа и работата на Агенцијата се ценела по тоа колку таа учествува и придонесува во работата на програмата на европско ниво преку соработката со другите Национални агенции, особено поради фактот што Агенцијата има делегирана надлежност.

Во описот, подносителката наведува дека сите средства со кои вработените во Агенцијата учествуваат на различни работни средби, состаноци, настани, конференции, спортски активности итн. се обезбедени од Буџетот на ЕУ на годишно нивво врз основа на Годишната работна програма на Агенцијата претходно одобрена од страна на Европската Комисија и дека всушност успешното работење на Агенцијата се мери и според нејзиното учество на такви и на слични настани, па затоа се прашува зошто Владата на Република Северна Македонија инсистира да се применуваат национални правила за средства кои не се од Буџетот на Република Северна Македонија и со тоа се дискриминираат вработените во Агенцијата, особено ако се знае фактот дека сите други национални агенции во Европа ги применуваат правилата од членот 2 од Спогодбата и поради тоа што Агенцијата има делегирана надлежност за која потпишува Договор за делегирање секоја година.

Подносителката истакнува дека ----- програмата има и хоризонтални принципи, а еден таков е и принципот „Еднакви можности за сите", па апсурдно е тогаш Агенцијата која треба да ги применува тие принципи, да врши дискриминација во своите редови во однос на корисниците на програмата. Наведува дека апсурдно е и тоа што кога на ист настан, корисникот на програмата и вработениот во Агенцијата земаат

различен износ на дневници иако и двајцата ја спроведуваат програмата. Наведеното, истакнува дека се случувало со години наназад.

На крај, подносителката наведува дека Агенцијата никогаш не го искористила целосно грантот доделен од Европската Комисија, кој е наменет за работата на самата Агенција, и според неа, тоа недвосмислено укажува на доволно средства за реализација на активностите на вработените согласно правилата на ЕУ.

* * *

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр. 08-232/2 од 03.03.2026 година се обрати до Агенцијата, од каде е доставен Одговор, во Комисијата заверен со бр. 08-232/3 од 24.03.2026 година.

Агенцијата во своето произнесување наведува дека истата е основана со Законот за основање на ----- („Службен весник на Република Македонија“ бр. ----- и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. -----) и истата е буџетски корисник од прва линија, регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија под организационен облик 04.3 – други агенции, берзи и други организации основани со посебен закон, чија основна цел е промоција и успешно спроведување на европските образовни програми во Република Северна Македонија.

Понатаму, наведуваат дека остварувањето на основната дејност на Агенцијата е утврдена во членот 2 ставот (1) од Законот за основање на -----, како и во Водичот за -----, а кој се донесува секоја година од страна на Европската комисија - Генерален директорат за -----.

Во Произнесувањето, Агенцијата истакнува дека вработените, согласно членот 21-а од Законот за основање на ----- се државни службеници, освен вработените кои вршат помошно – технички работи, дека своите права ги остваруваат согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, како и согласно одредбите од Законот за работните односи, прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и Колективен договор. Па оттаму, вработените во Агенцијата кога се упатуваат на службено патување, пресметката на трошоци за службен пат се врши и е согласно Уредбата за издатоци за службени патувања во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/00, 64/01, 110/08, 82/10, 12/12, 05/13, 01/14, 19/14 и 90/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 46/25).

* * *

Со **членот 4 од Законот за основање на** -----, се утврдуваат активностите од надлежност кои ги презема Агенцијата во остварувањето на програмите.

Со **членот 9 од Законот за основање на** ----- се утврдуваат корисниците на програмите, и истиот гласи:

„-----.“

Одредбата од **ставот (1) од членот 21-а од Законот за основање на** -----, гласи: *„Вработените во -----се државни службеници, освен вработените кои вршат помошни и технички работи.“.*

**Членот 22 од Законот за основање на** -----, го регулира обезбедувањето на средства за финансирање на Агенцијата, и истиот гласи: *„Средствата за финансирање на -----се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од Европската комисија во согласност со Меморандумот за разбирање склучен меѓу Министерството за образование и наука и Европската комисија и од други извори согласно со закон.“,* а одредбата од **ставот (1) од членот 23 од истиот Закон**, гласи: *„Од Буџетот на Република Северна Македонија се обезбедуваат средствата за плати и надоместоци, тековното одржување и опремата за работа на -----.“.*

Во **членот 3 од Законот за административни службеници** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24), статусот на административниот службеник е дефиниран и регулиран на следниот начин:

*„Административен службеник е лице кое засновало работен однос заради вршење на административни работи во некоја од следниве институции:*

- *органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со закон и*
- *институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како **агенции**, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.*

*Во зависност од институцијата во која е вработен, административниот службеник може да биде:*

- *државен службеник, односно друг вид на службеник утврден со посебен закон во институциите од ставот (1) алинеја 1 на овој член или*
- *јавен службеник во институциите од ставот (1) алинеја 2 на овој член.“.*

Одредбата од **ставот (1) од членот** 5 од претходно наведениот Закон за административни службеници, гласи: *„Со овој закон се уредува статусот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници.“,* додека одредбата од **ставот (5) од истиот член** гласи: *„За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, а кои не се уредени со овој закон, со Законот за вработени во јавниот сектор или со посебните закони и со колективните договори, се применуваат општите прописи за работните односи.“.*

**Членот 1 од Уредбата за издатоци за службени патувања во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци**, гласи: *„Со оваа уредба се утврдуваат видовите на издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци, како и постапката за нивно надоместување.“.*

* * *

Во смисла на претходно наведените законски одредби, ценејќи ги наводите на подносителот на претставката и произнесувањето од Агенцијата, секој посебно и во корелација еден со друг, Комисијата одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Со одредбата од членот 9 од Законот за основање на -----, се утврдуваат корисниците на програмите, за чие остварување Агенцијата презема одредени и соодветни активности согласно одредбата од членот 4 од истиот Закон.

Во членот 21-а од наведениот Закон е уредено дека вработените во Агенцијата се државни службеници, а исто така оваа одредба упатува и дека во Агенцијата се предвидени и работни места за вработени кои вршат помошни и технички работи. Па оттука, договорниот однос меѓу вработените во Агенцијата и работодавачот, како и сите права и обврски од работниот однос и за двете страни произлегуваат од Законот за административни службеници, и Законот за вработени во јавниот сектор или од посебните закони и колективните договори, за оние прашања кои не се уредени со Законот за административни службеници.

Имено, подносителката на претставката е вработена во Агенцијата и е во договорен, работен однос со истата, кој се регулира согласно одредбите од став (1) и став (5) од членот 5 од погоре наведениот Закон за административни службеници, што во конкретниов случај упатува на примена на одредбите од Уредбата за издатоци за службени патувања во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, кога станува збор за регулирање на службено патување во странство и надомест на трошоци, кои произлегуваат од истото. Со оглед и на фактот дека средствата за плати и надоместоци во Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, што е уредено со одредбата од ставот (1) од членот 23 од Законот за основање на -----, надоместувањето на трошоците кои произлегуваат од службени патувања заради реализација и овозможување на остварување на програмите, не може да се третира согласно Спогодба меѓу Република Северна Македонија и ЕУ за учество на Северна Македонија во -----, бидејќи истата согласно наведениот Закон не е корисник на програма, туку вработена во Агенцијата.

Оттука, подносителката на претставката како вработена во Агенцијата, чиј работен однос, согласно одредбата од членот 21-а од Законот за основање -----, се регулира со Законот за административни службеници, во рамки на описот на работни задачи од работното место на кое е распоредена, има за задача да презема и да врши активности од надлежност на Агенцијата, уредени со Законот за основање на -----, задачи и активности кои значат остварување на програмите за корисниците на истите, уредени конкретно во членот 9 од истиот Закон. Имено, статусот на подносителката на претставката во рамки на Агенцијата, како вработена во истата, не е уреден со членот 9 од Законот.

* * *

Согласно се горе наведено, Комисијата утврди дека од страна на ----- не е сторена дискриминација кон ----- врз друга основа - нееднаков третман на вработените во -----


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

со корисниците на ----- програмата и покрај Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европска Унија за учество на Северна Македонија во -----, односно констатирано е дека статусот на двете категории, вработени во Агенцијата и корисници на програмите за кои Агенцијата е задолжена да овозможи реализација е различно законски регулиран, од која причина нема можност за постапување за двете категории на ист начин според Спогодба меѓу Република Северна Македонија и ЕУ за учество на Северна Македонија во ----- во однос на исплата на патни трошоци за службени патувања, од која причина се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

**Скопје, 18.05.2026 година**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**Заменик Претседател**
**Зекир Абдулов**

**Доставено до:**
- -----;
- -----;
- **Архива на Комисијата;**